Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ број 27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18; 143/19 и 14/20 в.д. Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ВО ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Јавното сообраќајно претпријатие Скопје број 02-309/8 од 15.03.2021 година, и тоа:

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, работното место со реден број 1. КДР0305А01038 Оперативен директор во делот вид на образование зборовите "Организациони науки и управување (менаџмент), машинство или животна средина" се заменуваат со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент), машинство или економски науки.

Во глава V Табеларен приказ на работните места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, во точка 4. Сектор за сообраќај, потточка 4.3 Одделение за оперативен контролен центар, работното место со реден број 225. КДР0305Б02106 Диспечер во делот број на извршители зборовите „8" се заменуваат со зборовите „10".

## Член 2

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

## Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ЈСП СКОПЈЕ
В.Д Директор

_____________________

Иван Илиевски